

ИЗДАНИЕ БР.31,
МЕСЕЦ ЈУНИ 2021

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА АНГАЖИРАНАТА ФИРМА „ГРАДБА ПРОМЕТ“ ОД КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НОВ КОМУНАЛЕН ПРОЕКТ ВО ОПШТИНАТА КАВАДАРЦИ.
ВО ИНДУСТРИСКАТА ЗОНА „22К -ЗАПАДЕН БУЛЕВАР“ ГРАДЕЖНАТА МЕХАНИЗАЦИЈА РАБОТИ НА АСФАЛТИРАЊЕ НА СЕРВИСНА УЛИЦА.
СПОРЕД ПРОЕКТОТ СЕ ПРОБИВА УЛИЦА ВО ДОЛЖИНА ОД 170 МЕТРИ НА ПОТЕГОТ ОД СПОЈОТ СО БУЛЕВАРОТ КАЈ „НОВАТА БЕНЗИНСКА“ ДО ПОВЕЌЕТО СТОПАНСКИ ОБЈЕКТИ.
ПРОБИВАЊЕТО И УРБАНИЗАЦИЈАТА НА ОВАА СООБРАЌАЈНИЦА Е ДЕЛ ОД КОМУНАЛНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНАТА ВО ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ УСЛОВИ ВО ИНДУСТРИСКИТЕ ЗОНИ НА ГРАДОТ.





СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО ОВЧКА РЕКА. ВО ОВОЈ ПЕРИОД ОД ГОДИНАТА СЕКОГАШ СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО СИТЕ ОКОЛНИ СЕЛА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ЗАПОЧНА СО ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА НА ЕДЕН КРАК ОД УЛ. "БРАЌА ЏУНОВИ" СО ПОВРШИНА ОД 210 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ, А СЕ РАБОТИ И НА УШТЕ ЕДЕН КРАК ОД ИСТАТА УЛИЦА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.






АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕШЕ НА ЗАМЕНА НА ЛАМБИ НА ПАТЕГОТ ОД УЛ.„ВАСИЛ ГЛАВИНОВ" ДО УЛ.„ЦРНОРЕЧКА",НА ТРИ КРАЦИ ОД УЛ.„ДИСАНСКА",ОД УЛ.ДИСАНСКА КОН СПОМЕН КОСТУРНИЦА. . СЕ ПРОДОЛЖИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИТЕ 30 УЛИЦИ.

ПРОЕКТОТ ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ПОДОБРИ УСЛОВИТЕ ЗА НЕПРЕЧЕНО И БЕЗБЕДНО ДВИЖЕЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ, ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА, КАКО И ПОДИГАЊЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ СТАНДАРДИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ РЕАЛИЗИРА УШТЕ ЕДЕН ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА. ЗАВРШЕНО Е И ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА УЛ. ЃОРЕ БРУШАНСКИ, КАДЕ Е ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, СЕ РЕПАРИРАА ПОСТОЕЧКИТЕ ДЕТСКИ ИГРАЧКИ И СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ. ПО ЦЕЛАТА ДОЛЖИНА Е ИЗВЕДЕНА И ЗАШТИТНА МЕТАЛНА ОГРАДА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФАСАДИ НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ ВО МЗ КИРО КРСТЕВ, МЗ КУЛА И МЗ СТРАШО ПУНЦУР. СЕ ЗАПОЧНА СО РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЗГРАДАТА НА УЛ. ИВО АНДРИЌ БР. 2, И НА ИСТАТА СЕ ВРШИ ФАРБАЊЕ, КРПЕЊЕ, ПОСТАВУВАЊЕ НА САЧАК И ОЛУЦИ. БОИТЕ НА ФАСАДИТЕ БЕА ОДОБРЕНИ ОД СТРАНА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ИЗВЕДУВАЧ НА ОВИЕ ЗГРАДИ Е ДПТУ АВТОМАТСКО ТЕХНОЛОШКИ СИСТЕМИ ДООЕЛ СКОПЈЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО ВИКЕНД НАСЕЛБАТА РЕСАВСКИ ЗАЛИВ НА ТИКВЕШКО ЕЗЕРО. СТАНУВА ЗБОР ЗА ПОТЕГ ОД ОКОЛУ 2000 МЕТРИ , ОДНОСНО ОД С.РЕСАВА ДО ВИКЕНД НАСЕЛБАТА. ЦРЕВОТО Е СО ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК F-63. ВО ПРВА ФАЗА Е ПЛАНИРАНО ДА СЕ ПРИКЛУЧАТ ОКОЛУ 60 ВИКЕН
ДИЦИ. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ДАНСА ТРЕЈД ОД СКОПЈЕ.





ВО ГРАДСКИОТ ПАРК "ЉУПЧО ШКАРТОВ" СЕ ИЗГРАДИ НОВА ПЕШАЧКА ПАТЕКА СО ПАВЕР ЕЛЕМЕНТИ ВО ДОЛЖИНА ОД 520 МЕТРИ И НА ИСТАТА СЕ ПОСТАВЕНИ КАНДЕЛАБРИ, ЗА ГРАЃАНИТЕ ДА МОЖАТ НЕПРЕЧЕНО ДА СЕ ДВИЖАТ ПО ПАТЕКАТА ВО ВЕЧЕРНИТЕ ЧАСОВИ. ИСТО ТАКА ВО ПАРКОТ СЕ ИЗВРШИ САНИРАЊЕ НА ОШТЕТЕНИТЕ КАМЕНИ ЅИДОВИ СО ОБЅИДУВАЊЕ НА ИСТИТЕ, А НА ДЕЛ ОД ПЕШАЧКИТЕ ПАТЕКИ СЕ ИЗВРШИ И РЕКОНСТРУКЦИЈА СО ГРАНИТНИ КОЦКИ. СЕ ПОСТАВИЈА НОВИ ПАРКОВСКИ РАБНИЦИ НА БЕТОНСКА ПОДЛОГА И СЕ ПОСТАВИ НОВА ЧЕШМА ЗА ПИЕЊЕ ВОДА КАКО И БЕТОНСКА ПЛАТФОРМА ОКОЛУ ЧЕШМАТА. ИЗВЕДУВАЧ НА ОВИЕ ГРАДЕЖНИ РАБОТИ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ГРАДСКИ ПАРК "ЉУПЧО ШКАРТОВ" ЗАПАДЕН ДЕЛ, Е ТЕС-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ СКОПЈЕ .







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АНГАЖИРАНАТА ФИРМА ГРАДБА ПРОМЕТ РАБОТИ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 150 МЕТРИ НА КРАК ОД УЛ.ИЛИНДЕНСКА. ВО НАРЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ И АСФАЛТИРАЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР КАКО И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА, СО ПОВРШИНА ОД 1000 МЕТРИ КВАДРАТНИ.






ОПЕРАТИВАТА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА АС МАШИНИ РАБОТИ НА ПОВРЗУВАЊЕ НА С.БЕГНИШТЕ СО С.КОШАНИ. СЕ РАБОТИ НА БЕТОНИРАЊЕ НА ПРИСТАПЕН ПАТ СО ДОЛЖИНА ОД 250 МЕТРИ И ПОВРШИНА ОД 750 МЕТРИ КВАДРАТНИ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАПОЧНА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО ДРЕНОВО. ИГРАЛИШТЕТО ЌЕ БИДЕ ОГРАДЕНО, ЌЕ СЕ ПОСТАВИ ГУМЕНА ПОДЛОГА, ЌЕ СЕ РЕПАРИРААТ ПОСТОЕЧКИТЕ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ И ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ НОВИ.ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА МЕТАЛ АПОСТОЛОВ И ЗА ИСТОТО СЕ ОДВОЕНИ 798 559 ДЕНАРИ.



КОМУНАЛНАТА ИЗГРАДБА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРОДОЛЖУВА НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ. ВО ТЕК Е ИЗГРАДБА НА ПОТПОРЕН ЅИД НА УЛ. "МЕТОДИЈА ЏУНОВ ЏИКОТ" СО ДОЛЖИНА ОД 9.5М. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ВАЛАСКИ ГРАДБА. ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ РЕАЛИЗИРА ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ОВАА УЛИЦА.






# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

СЕ ОТПОЧНА СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛ. "БРАЌА ЏУНОВИ" КОЈА Е ВО РАМКИ НА "ПРОЕКТОТ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА". НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И СЕ ДОДЕЛЕНИ СРЕДСТВА ОД ВЛАДАТА НА РСМ ПРЕКУ ЗАЕМОТ НА СВЕТСКА БАНКА, КОЈ ЌЕ СЕ РАЛИЗИРА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ, А СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА. ВО ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ И УЛ. "ПИОНЕРСКА" И УЛ."ИЛИНДЕНСКА".





СЕ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦА ВО С.ШИВЕЦ. УЛИЦАТА Е СО ДОЛЖИНА ОД 40 МЕТРИ А ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД. ОВАА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА Е ПО БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА С.ШИВЕЦ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО СПРОВЕДЕ ПРВОТО АВИОНСКО ТРЕТИРАЊЕ ПРОТИВ КОМАРЦИ ЗА 2021 ГОДИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. СО ТРЕТИРАЊЕТО БЕШЕ ОПФАТЕНО ТЕЧЕНИЕТО НА РЕКАТА ЛУДА МАРА ОД С.МАРЕНА, ЦЕЛОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ, ДО ИЗЛЕЗОТ НА С.ВАТАША.





АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЧИСТЕЊЕ И САНИРАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА СЕ ОДВИВААТ ВО КОНТИНУИТЕТ. ДЕНЕС СЕ ЗАПОЧНА СО САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО МОКЛИШТЕ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПЕРАТИВАТА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА ПАВЕР ТРЕЈД ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С.ВОЗАРЦИ. ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ СО ПОВРШИНА ОД 350 МЕТРИ КВАДРАТНИ, А ЌЕ СЕ ИЗВРШИ САНИРАЊЕ НА УЛИЦИ СО ПОВРШИНА ОД 250 МЕТРИ КВАДРАТНИ.



ОПЕРАТИВАТА НА ГРАДЕЖНАТА ФИРМА АС МАШИНИ ЗАПОЧНА СО ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО С.ДАБНИШТЕ. ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ВКУПНА ПОВРШИНА ОД 900 МЕТРИ КВАДРАТНИ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АНГАЖИРАНАТА ОПЕРАТИВА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ЈАВНОТО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ РАБОТЕШЕ НА ПОСТАВУВАЊЕ НА КОМПЛЕТНО НОВО УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО НАСЕЛБА ГОЛЕШ ЛОЦИРАНА НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО. ОВАА НАСЕЛБА ДОСЕГА НЕМАШЕ УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ А Е ЕДНА ОД НАЈГОЛЕМИТЕ НАСЕЛБИ НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО. ВО ПРВА ФАЗА СЕ ПОСТАВЕНИ ОКОЛУ 50 СТОЛБОВИ А ВО НАРЕДНАТА ФАЗА ЌЕ СЕ ПОСТАВАТ И НОВИ СВЕТИЛКИ. СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ПОДОБРАТ УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВЕЕЊЕ ЗА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА КУЌИ ВО ОВАА НАСЕЛБА, КАКО И ЗА ТУРИСТИТЕ КОИ ГО ПОСЕТУВААТ ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО.





ВО КРАЈНА ФАЗА Е ПОСТАВУВАЊЕТО НА ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА ОД С.РЕСАВА ДО ВИКЕНД НАСЕЛБАТА РЕСАВСКИ ЗАЛИВ НА ТИКВЕШКОТО ЕЗЕРО.
ПОСТАВЕНА Е ЛИНИЈА СО ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК Ф-63 СО ДОЛЖИНА ОД 2000М И СЕКУНДАРНА МРЕЖА КОН 60 ОБЈЕКТИ.
ИЗВЕДУВАЧ НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ФИРМАТА ДАНСА-ТРЕЈД СКОПЈЕ.
ИСТО ТАКА НА ОВОЈ ДЕЛ ОД СТРАНА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ БЕА ПОСТАВЕНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ 250М ВОДОВОДНА ЛИНИЈА СО ПОПРЕЧЕН ПРЕСЕК Ф-63.





# НАСТАН

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ДАДЕ ПОДДРШКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ИНКЛУЗИВНАТА СЛИКОВНИЦА "БУКВА ПО БУКВА АЗБУКА" КОЈА СОДРЖИ КИРИЛИЧНА, БРАЈОВА И ЗНАКОВНА АБУКА, ОД АВТОРОТ ГОРДАНА СИМОНОВСКА МОМИРОСКА. ОВАА СЛИКОВНИЦА Е НАМЕНЕТА ЗА РАНИОТ ДЕТСКИ РАЗВОЈ СО СИЛНА ПОРАКА ЗА ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ПОСТОЕЊЕ ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ( ГЛУВИ И СЛЕПИ ЛИЦА ) И ЗА НИВНИОТ НАЧИН НА ОПИСМЕНУВАЊЕ.













КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ТРЧАШЕ НА КАВАДАРЧЕКИ ПОЛУМАРАТОН.

ПРЕТСТАВНИЦИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ (КЕМ) И ОПШТИНА НЕГОТИНО БЕА УЧЕСНИЦИ/ЧКИ НА КАВАДАРЕЧКИОТ НОЌЕН ПОЛУМАРАТОН КОЈ СЕ ОДРЖА НА 18.06.2021 ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. БОРБАТА ЗА ЕДНАКВИ ПРАВА МЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ Е МАРАТОН СО ИСТОРИСКИ ПРОПОРЦИИ. РОДОВАТА АНАЛИЗА НА КЕМ ВО ОДНОС НА БРОЈОТ НА ПРИЈАВЕНИ УЧЕСНИЦИ ПОКА-



# НАСТАН

ЖУВА ДЕКА ОД ВКУПНО 341 УЧЕСНИК НА МАРАТОНОТ, 242 СЕ МАЖИ, А 99 СЕ ЖЕНИ. БРОЈОТ НА ПРИЈАВЕНИ УЧЕСНИЧКИ ВО ОДНОС НА ПРЕТХОДНИТЕ ГОДИНИ Е ЗГОЛЕМЕН ШТО ЗНАЧИ ДЕКА ЖЕНИТЕ ПОЧНУВААТ АКТИВНО ДА СЕ ВКЛУЧУВААТ ВО СПОРТСКИТЕ АТИВНОСТИ ВО ЗАЕДНИЦАТА. ИСТО ТАКА РОДОВА ЕДНАКВОСТ Е ЗАСТАПЕНА И ВО ОРГАНИЗАЦИОНИОТ ОДБОР НА МАРАТОНОТ КОЈ СЕ СОСТОИ ОД 4 МАЖИ И 3 ЖЕНИ. СО УЧЕСТВОТО НА МАРАТОНОТ КЕМ ИСПРАТИ СИЛНА ПОРАКА, А ТОА Е ДЕКА ТРЕБА ДА СЕ СРУШАТ РОДОВИТЕ СТЕРЕОТИПИ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ ЖЕНИТЕ ЗА ПОМАЛКУ МОЌНИ И ПОМАЛКУ ИЗДРЖЛИВИ ОД МАЖИТЕ, ТРЧАЈЌИ ЕДНАКВО СО НИВ НА ТРКА ОД 5, 10 И 21 КМ. КЕМ ЌЕ ПРОДОЛЖИ СО АКТИВНО ПРЕЗЕМАЊЕ НА ЧЕКОРИ НАСОЧЕНИ КОН УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ И ЌЕ СЕ ЗАЛАГА ЗА ЕДНАКВО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО СИТЕ ОБЛАСТИ ОД ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР.

НА ПРИЕМ КАЈ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕШЕ ОСВОЈУВАЧОТ НА ЕВРОПСКИОТ КУП ВО КИК-БОКС ОЛГИЦА ОРЕШКОВА, ГЛАВНИОТ ТРЕНЕР АЛЕКСАНДАР РИСТОВСКИ И ПОМОШНИК ТРЕНЕР МАРТИН ДИМИТРИОВСКИ. ОСУМНАЕСЕТ ГОДИШНАТА ОЛГИЦА Е ЧЛЕН НА КЛУБОТ БУДО КАВАДАРЦИ И Е ПОБЕДНИК НА ЕВРОПСКИОТ КУП КОЈ СЕ ОДРЖА ВО БЕЛГРАД, НА КОЈ УЧЕСТВУВАА 13 ЗЕМЈИ. ОЛГИЦА Е ПОБЕДНИК ВО КАТЕГОРИЈАТА КИК-ЛАЈТ ДО 50 КИЛОГРАМИ. ВО ИДНИНА И ПОСАКУВАМЕ УШТЕ ПОГОЛЕМИ УСПЕСИ А ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ПОНАТАМУ ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА ДАВА ПОДДРШКА НА СИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ И ДИСЦИПЛИНИ.







ОПШТИНА КАВАДАРЦИ – ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ.
ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО UN WOMEN-ТЕЛО НА ОН ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ, АКТИВНО СЕ ВКЛУЧИ ВО ПРОЕКТОТ „ПРОМОЦИЈА НА РОДОВО ОДГОВОРНИ ПОЛИТИКИ И БУЏЕТИ: КОН ТРАНСПАРЕНТНО, ИНКЛУЗИВНО И ОТЧЕТНО УПРАВУВАЊЕ", ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАН ОД ШВАЈЦАРСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ И ШВЕДСКАТА АГЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ-СИДА. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ЕДНА ОД ОПШТИНИТЕ КОЈА ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА И ЌЕ СЕ ПРИКЛУЧИ КОН МЕНТОРСКАТА ПРОГРАМА ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ НА UN WOMEN. ПРЕТСТАВНИЧКИ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРИСУСТВУВАА НА ТРИДНЕВНА ОБУКА ВО ОХРИД КАДЕ СЕ ОБУЧУВАА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ, МАПИРАЊЕ НА СПЕЦИФИЧНИТЕ ПОТРЕБИ НА ЖЕНИТЕ, ОТСТРАНУВАЊЕ НА СИТЕ ВИДОВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА И ИНТЕГРАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО. СОРАБОТКАТА СО UN WOMEN ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ПОНАТАМУ, А ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ И НОВИ АКТИВНОСТИ ЗА СИСТЕМАТСКА ПРИМЕНА НА РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ КАКО АЛАТКА ВО КРЕИРАЊЕТО НА ОПШТИНСКИТЕ ПОЛИТИКИ И БУЏЕТИ.



ВЛАДИНИ ЕКОНОМСКИ СОВЕТНИЦИ ВО КАВАДАРЦИ  ДЕНЕСКА ТИМ ОД ВЛАДИНИ ЕКОНОМСКИ СОВЕТНИЦИ Е ВО РАБОТНА ПОСЕТА НА КАВАДАРЦИ КАДЕ ОСТВАРИЈА БИЗНИС СРЕДБИ СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ЕКОНОМНСКИОТ СЕКТОР ВО ОПШТИНАТА.
ПО РАЗГОВОРИТЕ ВО КАБИНЕТОТ ЈАНЧЕВ СО ГОСТИТЕ ГИ ПОСЕТИ: ВИНАРИЈА ПОПОВИ, СИНАЛКО И КОЖУВЧАНКА,С-ЛОГА ПРОМ,ВИНАРИЈА„ЈАКОВЛЕВСКИ" И ВВ "ТИКВЕШ".






ПОТПОЛКОВНИК ГУВЕРНЕР МОЛИ ГРЕЈ И СЕКРЕТАРОТ ЗА ТРГОВИЈА И РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦА ЛИНЗИ КУРЛЕ МУ СЕ ПРИДРУЖИЈА НА ГЕНЕРАЛ-МАЈОР ГРЕГ НАЈТ ОД НАЦИОНАЛНАТА ГАРДА НА ВЕРМОНТ ВО ПЕТДНЕВНА ПОСЕТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ДРЖАВНО ПАРТНЕРСТВО, ИМАА СРЕДБА И СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. ДЕЛЕГАЦИЈАТА ЌЕ СЕ СОСТАНЕ СО ВЛАДИНИ И ДЕЛОВНИ ПРЕТСТАВНИЦИ ЗА ДА РАЗГОВАРА ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА ВОЕНОТО ПАРТНЕРСТВО И ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ МЕЃУ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВЕРМОНТ.

ПРОГРАМАТА ЗА ДРЖАВНО ПАРТНЕРСТВО НА ВЕРМОНТ СО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗАПОЧНА ВО 1993 ГОДИНА И ВКЛУЧУВА КРАТКОТРАЈНИ ГОДИШНИ ВОЕНИ АНГАЖМАНИ И АНГАЖМАНИ СО ОГРАНИЧЕН ОБЕМ, ПАРТНЕРСТВО ПРИ УЧЕСТВО ВО ВЕЖБИ И КО-РАСПОРЕДУВАЊЕ ВО АВГАНИСТАН ВО 2010 ГОДИНА. ДОПОЛНИТЕЛНО, ПРОГРАМАТА ЗА ДРЖАВНО ПАРТНЕРСТВО ЕВОЛУИРАШЕ ДОТАМУ ШТО ВКЛУЧУВА И МЕДИЦИНСКИ АКТИВНОСТИ И АНГАЖМАНИ ЗА ОДГОВОР ПРИ КАТАСТРОФИ. ТЕКОВНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ ПАРТНЕРСТВА МЕЃУ ВЕРМОНТ И СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Е ЛОГИЧНА И ВОЗБУДЛИВА ЕВОЛУЦИЈА НА ПРОГРАМАТА.





ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО 2016 ГОДИНА СО 38,8 ПРОЦЕНТИ ТРАНСПАРЕНТНОСТ СЕ НАОЃАШЕ ВО ДОЛНИОТ ДЕЛ ОД ТАБЕЛАТА СО ТРАНСПАРЕНТНИ ОПШТИНИ. ВО ИЗМИНАТИТЕ 3 ГОДИНИ ТРАНСПАРЕНТНОСТА КОНТИНУИРАНО СЕ ИСКАЧУВАШЕ. ОВАА ГОДИНАВА СО 80,6 ОТСТО Е РАНГИРАНА КАКО ОПШТИНА СО „МНОГУ ДОБРА АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ".



# НАСТАН

ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕРИДИЈАН АТЛЕТИК ЕКО КЛУБ И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КАВАДАРЦИ СИНОЌА СЕ ОДРЖА ТРЕТИОТ КАВАДАРЕЧКИ НОЌЕН ПОЛУМАРАТОН. ОВОЈ НАСТАН ПОКАЖА ДЕКА ВАКВИ И СЛИЧНИ МАНИФЕСТАЦИИ МУ СЕ ПОТРЕБНИ НА ГРАДОТ И ТРЕБА ШТО ПОЧЕСТО ДА СЕ ОДРЖУВААТ. НАСТАНОТ ПОМИНА ВО БЕСПРЕКОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЈВИСОКО МОЖНО НИВО. ТРКАТА СТАРТУВАШЕ ВО 20.00 ЧАСОТ, СЕ ОДВИВАШЕ ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ А СЕ ТРЧАШЕ НА ТРИ ДИСТАНЦИ НА 5, 10 И 21 КМ. И УЧЕСТВУВАА ОКОЛУ 350 ТРКАЧИ ОД ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО. НАСТАНОТ И УЧЕСНИЦИТЕ ГИ ПОЗДРАВИ ЛИЧНО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ. ОРГАНИЗАТОРИТЕ ЗА НАЈДОБРИТЕ ОБЕЗБЕДИЈА И СООДВЕТНИ НАГРАДИ.





ПРЕД СПОМЕНИКОТ "12 ВАТАШАКИ МЛАДИНЦИ" БЕШЕ ОДБЕЛЕЖАНА 78 ГОДИШНИНАТА ОД СТРЕЛАЊЕТО НА 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ.

ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕДВОДЕНА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ , ПОЛОЖИ БУКЕТ СВЕЖО ЦВЕЌЕ ВО ЗНАК НА ПОЧИТ И СПОМЕН КОН УБИЕНИТТЕ ДЕЦА. БУКЕТИ СВЕЖО СВЕЌЕ ПОЛОЖИЈА И ПРЕТСТАВНИЦИ НА ЗДУЖЕНИТО НА БОРЦИ ПОЧИТУВАЧИ НА ПРИДОБИВКИТЕ ОД НОБ НА КАВАДАРЦИ, ПОТОМЦИ ОД ФАМИЛИИТЕ НА СТРЕЛАНИТЕ, ОД МЗ ВАТАША, ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ, КАКО И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ.





# НАСТАН



ВО ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ - КАВАДАРЦИ БЕШЕ ПРОМОВИРАН ПРОЕКТОТ МОЗАИК ИНСТАЛАЦИЈА КАКО КУЛТУРНА ТРАДИЦИЈА И СОВРЕМЕНО ЖИВЕЕЊЕ!!
ЗДРУЖЕНИЕТО DOBREDOJDE MACEDONIA WELCOME CENTRE ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТОТ ВО КОЈ СЕ ВКЛУЧИЈА ПОВЕЌЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ УЧЕНИЦИ, СТУДЕНТИ,ГРАЃАНИ КОИ УЧЕСТВУВАА НА ЗАЕДНИЧКА ИЗРАБОТКА НА МОЗАИК СО ЦЕЛ ПРОМОЦИЈА НА МОЗАИКОТ КАКО УМРТНОСТ И КАКО ЗАНАЕТ.
ПРОЕКТОТ Е ПОДРЖАН ОД АМБАСАДАТА НА ШВАЈЦАРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА.
РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ИСТИОТ Е ОД СТРАНА НА УМЕТНИЦИТЕ СИМОНА МАНЧЕВА И СОЊА И ДИМИТАР САМАРЏИЕВИ.
30 М2 МОЗАИК Е ПОСТАВЕН ВО
ЈОУ ЛОКАЛЕН ВИНСКИ МУЗЕЈ ЗА РЕГИОН ТИКВЕШ - КАВАДАРЦИ.
НА НАСТАНОТ ПРИСУСТВУВАШЕ АМБАСАДОРОТ НА ШВАЈЦАРИЈА SYBILLE SUTER TEJADA , ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ОСТАНАТИ ЉУБИТЕЛИ НА УМЕТНОСТА ОД КАВАДАРЦИ.



Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Шалева
**Печати:** печатница ГРАФО ПРОМ Битола
**Насловна фотографија:** Тони Јошески
Тираж 500 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија

**kavadarci.gov.mk**